
АНАЛИЗА НА ПЕРФОРМАНСИТЕ ЗА ТОП100 КОМПАНИИ НА СЕВЕРО-ЗАПАДНА МАКЕДОНИЈА И СТОПАНСКИТЕ СЕКТОРИ

МАКРОЕКОНОМСКИ ПРЕГЛЕД

Претходната 2021 и тековната 2022 година се обележани со сериозни макроекономски движења кои се најпрво предизвикани од COVID-19 кризата и преземените антикризни мерки, но нарушувањето во глобалните синџири на снабдување и војната во Украина. Наглото зголемување на цените на енергијата и репроматеријалите неминовно ќе предизвика и зголемување на цените на финалните производи и услуги. Компаниите за да го одржат профитот, ќе ја нивелираат профитната маржа на ниво што ќе овозможи минимум иста заработка и можност за инвестиции. Сепак, проекциите за крајот на 2022 и 2023-та година, укажуваат дека компаниите и економиите ќе се соочат со сериозна макроекономска состојба која што ќе побарува уште поголема оптимизација на работењето, но и несигурност од аспект на инвестициите и идното работење. Како една од мерките за ставање под контрола на високата инфлација, Централните Банки ќе ја зголемат референтната каматна стапка кое што ќе ја намали можноста на комерцијалните банки да ги финансираат новите инвестиции на компаниите.



Извор: Меѓународен Монетарен Фонд (ММФ) Consumer Price Index - Copy of By Country - IMF Data

Според податоците на ММФ, индексот на потрошувачки цени за Македонија во Август 2022-та споредбено со Август 2021-ва година бил повисок за 25%. Споредбено индексот за истиот месец во Бугарија има зголемување од 18%, Србија со 13% и Албанија со 8%. Повисоките цени, ќе предизвикаат и зголемување на вкупниот приход кај компаниите. Истото посочува дека потенцијалното вредносно зголемување за 2022 година кај компаниите ќе биде пред се последица од зголемените цени а значително помало влијание ќе има реалниот раст на продажбата. Зголемувањето на цените, и зголемувањето на каматните стапки ќе предизвика намалување на побарувачката за производите и услугите, што е пак целта на централните банки во сите држави не само домашната економија. Со тоа компаниите не само што ќе се соочат со зголемени влезни цени, туку и со потенцијално намалена побарувачка за производите и услугите.

Членките на Стопанска Комора на Северозападна Македонија нема да бидат исклучок од макроекономските трендови. Во 2021-ва како што сугерираат и самите податоци, членките имаат остварено подобри резултати споредбено со 2020-та, но и првата половина од 2022 според неофицијалните податоци во економијата. Сепак, доколку индексот на цени се зголеми за 25% и вкупниот приход се зголеми за истата вредност, без зголемување на продажбата (како количина на производи), реалниот раст ќе биде 0%. Имајќи во предвид дека поголем дел од членките на комората работат во малопродажбата (специјализирана и неспецијализирана) и градежништвото, очекувано е дека ќе бидат под високо влијание на зголемените цени, а со тоа и нереален раст на приходите, доколку продажбите се одржат на исто ниво како и претходно.

Во продолжение е изработена анализа на работењето на ТОП100-те компании на Стопанска Комора на Северо-Западна Македонија според приходи, профит и вработени. Изработена е и проекција на вкупниот приход на сите членки на комората, како и споредба на индикаторите со најголемите 100 во соодветните категории.

ГЕНЕРАЛЕН ПЕРФОРМАНС НА ЧЛЕНКИТЕ НА КОМОРАТА

Пред да се започне со анализа на резултатите кој го имаат остварено компаниите кои се дел од ТОП100 листата и да се потенцира нивното значење, потребно е да се прикажат генералните резултати на сите компании кои се дел од комората. Проектираниот (калкулиран неофицијално) промет кој го имаат остварено членките на комората во 2021-ва година изнесува 2.15 милијарди евра, со зголемување од 14% во однос на 2020-та година. Профитот има раст од приближно 23 милиони евра од 125 на 128 милиони евра за истиот период.

Нето-профитната маргина на сите членки помеѓу 2018 и 2020-та година изнесувала од 5.13% до 6.87%. И покрај значајниот проектиран раст, консултантите очекуваат дека профитната маржа ќе се одржи на нивото приближно на 6%. Имајќи во предвид дека платите имаат значајно учество во вкупниот расход на компаниите како и бројот на вработени, членките на комората имаат значајна макроекономско влијание. Најголемите 100 компании во комората според вработени изнесува приближно 9,200.


Напомена: проекцијата на вкупниот приход на комората е изработен врз основа на податоците достапни до 2019-та година и остварениот раст на ТОП 100-те компании. Релативниот раст за тековната година е калкулиран како просечната релативна вредност на растот од претходните години.

ГРАФИКОН 02

Приходи на сите членки во комората

Профитна маржа: 5.13%-6.87%

Износи во милиони ('000 000) евра



ТАБЕЛА 01

Нето-профит, раст на приход и профит на членки на Стопанска Комора на Северо-Западна Македонија


Индикатор	2018 год.	2019 год.	2020 год.	2021 год.
Нето-профитна маржа на сите членки	5.13%	5.77%	6.65%	6.87%
Раст на приход		5.99%	6.55%	14.22%
Раст на профит		19.27%	22.74%	17.89%

ФИНАНСИСКИ ПЕРФОРМАНС И ПРОЕКЦИЈА ЗА 2021-2023 ГОДИНА

Најдобрите 100 компании во комората според приходот бележат раст од 24% во 2021 во споредба со 2020-та или од 925 на 1,146 милиони евра, којшто е значително повисок од генералниот раст на економијата од 4% (извор: Светска Банка). Паралелно, профитот се зголемил за 10% од 73 на 80 милиони евра за истиот период. Значителниот раст на приходот, е остварен од компании кои имаат 10+ милиони евра раст во апсолутни вредности за 2021-ва во споредба со 2020-та година.

Проекциите за 2022 се изработени врз база на растот/падот кој го имале компаниите во периодот 2018-21-та. За тековната година е обележана со многу негативни макроекономски движења, но зголемувањето на цените на финалните производи со сигурност ќе предизвика и зголемување на приходот. Реалното сценарио е дека компаниите кои се дел од ТОП 100 ќе остварат раст на приходот од 14% и на профитот од 18% за 2022. Во апсолутни вредности проекцијата за профитот е 94 милиони евра или зголемување од приближно 14.5 милини евра, додека за приходот е 150 милини евра од 1,15 на 1,30 милијарди евра. Сеуште постои недостиг на информации за тоа како инфлацијата во тековната година ќе влијае на профитната маргина и дали компаниите веднаш реагираат на нејзино зголемување за да не се наруши профитабилноста.


За време на здравствената криза компаниите направија брзи промени, особено во дигиталните технологии, со кои што ги задржаа или остварија повисоки профити и приходи. Во следната година може да се очекуваат слични одлуки со кои што компаниите дополнително ќе го оптимизираат работењето, се со цел да го одржат профитабилно сопственото работење.



Нето-профитната маргина во претходните 3 години е во рамките помеѓу 6.3% - 7.9%, додека за 2021-ва година се намалува на 7%. За 2022-ра година, според претходните просечни вредности е очекувано да има просек од 7.3%, повторно доколку компаниите успеат да се справат со инфлаторните движења и преку нивелација на цените обезбедат минимум иста профитна маргина.

Во последниот графикон според бројот на вработени, во 2021-та компаниите вработувале 9,158 лица, додека се очекува бројот да се врати на нивото од 2020-та година или 9,340..

ГРАФИКОН 03
Нето-профитна маржа - ТОП100



ГРАФИКОН 04
Број на вработени – ТОП 100



СПОРЕДБА НА ОСНОВНИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАРАМЕТРИ ПОМЕЃУ ЧЛЕНКИТЕ НА КОМОРАТА И ТОП100

Последен дел од анализата е посветен за споредба помеѓу проектираните финансиски перформанси на сите членки на комората и ТОП100 Компании во периодот од 2018-та до 2021-та година. Значењето на најголемите компании е високо имајќи во предвид дека нивното учество во вкупните приходи, добивка и број на вработени споредбено со генералниот перформанс е и повеќе од значајно. Всушност, растот кој го имаат на генерално ниво сите компании во комората во однос на добивката е пред се поттикнато од растот кој е остварен од ТОП100-те компании.

Приходот кој е остварен од сите членки е помеѓу 2,160 милиони евра, споредбено со 1,147 милиони евра во 2021-та кај ТОП100-те компании. Всушност, во истата година приходот на најголемите 100 учествуваат со 53% во вкупниот приход или приближно половина. **Изразено процентуално 9.5% (според податоците од 2019) од компаниите остваруваат 50% од вкупниот приход во комората.**

За вториот индикатор, профитот, сите членки имаат вкупно остварено од 85,93 милиони евра (2018) до проектирани 148 милиони евра (2021) со просечен раст од 20% на годишно ниво, споредбено со 49,53 до 81,03 милиони евра за ТОП100 компании. Добивката од најголемите компании имаат учество од 54% во вкупната добивка на сите членки на комората или 9.5% од компаниите (100 компании) остваруваат 2/3 од вкупната добивка.


Профитните маргини, кај двете групи се прилично изедначени, со ниска предност на ТОП100-те компании или во просек 1%, која на висок обрт кој е остварен од компаниите има значаен апсолутен износ (*на 700 милиони евра е 7 милиони евра профит*).

Бидејќи 4 години по ред (2018 – 2021) учеството на профитот и добивката на најголемите 100 компании е континуирано и стабилно во вкупниот приход на компаниите на комората, се очекува дека истиот тренд ќе продолжи во следните години без поголема промена. Сепак имајќи во предвид дека компаниите кои располагаат со поголем капитал се и "поотпорни"на кризни ситуации, влијанието на најголемите компании може и да се зголеми во 2022/23.

ГРАФИКОН 05

Приходи, расходи и профит на сите членки и ТОП100 компании

Износи во милиони ('000 000) евра



ТАБЕЛА 03

Детална анализа и споредба на финансиски перформанси

	2018 год.	2019 год.	2020 год.	2021 год.
ИНДИКАТОР				
Приходи на членки	1,674.28	1,774.64	1,890.91	2,159.76
Раст на приход		5.99%	6.55%	14.22%
Профит на членки	85.93	102.48	125.78	148.28
Раст на профит		19.27%	22.74%	17.89%
Приходи на ТОП100	785.26	896.68	925.97	1,146.56
Раст на приход ТОП100		14.2%	3.30%	23.82%
Профит на ТОП100	49.53	56.66	73.03	80.58
Раст на профит ТОП 100		14.40%	28,89%	10.34%
Учество на профитот од ТОП100 во вкупен профит	57.64%	55.29%	58.06%	54.34%
Учество на приход на ТОП100 во вкупен приход на членки	46.90%	50.53%	48.97%	53.09%
Нето-профитна маржа на сите членки	5.13%	5.77%	6.65%	6.87%
Нето-профитна маржа на ТОП100	6.31%	6.32%	7.89%	7.03%